Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 мај 2006 година.

Број 07-1970/1
10 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004 и 81/2005), во членот 172 став (1) зборовите: "или со затвор до шест месеци" се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (2), (3) и (4).

Член 2

Во членот 173 став (1) зборовите: "или со затвор до три месеци" се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 3

Во членот 174 став (1) зборовите: "или со затвор до шест месеци" се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Член 4

Во членот 175 став (1) пред зборот "Тој" се брише бројот (1).

Ставот (2) се брише.

Член 5

Во членот 176 став (2) зборовите: "(член 172 став 5)" се заменуваат со зборовите: "(член 172 став 4)".

Член 6

Во членот 177 ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Ако сторителот пред судот му се извинил на оштетениот во случаите на делата од членовите 172 став (1), 173 став (1), 174 став (1) и 175, а во случаите на кривичните дела од членовите 172 став (1) и 174 став (1) и ако пред судот го отповикал она што го изнесувал или пренесувал,

ќе се ослободи од казна."

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".